**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**29.07.2019 год.** **Бр.X**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 35-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 26.07.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 35-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.07.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-895/1 од 29.07.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 35-та седница, одржана на 26.07.2019 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 34-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 08.07.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-865/3 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на Р.М. бр.5/02„) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево„ 1/2007; 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 26.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за ко-финансирање за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново и с.Борино-Општина Крушево (крак Саждево)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за ко-финансирање на Општина Крушево за реализација на реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново и с.Борино-Општина Крушево (крак Саждево), во должина од 2037,86 м. како дел од мерката развој на јавна инфраструктура во рурални средини, подмерка Инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе населени места во рурални средини, врз основа на Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, во износ од **1.597.812,00 денари,** аплицирано преку Центарот за развој на Пелагонискиот Плански Регион во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 10.474.546,00 денари.

Општина Крушево за реализација на проектот ќе ко-финансира финансиски средства во износ од 1.597.812,00 денари, кои претставуваат плаќање на ДДВ, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2019 година.

**Член 3**

Реконструкцијата и доградбата на локалниот пат ќе се реализира преку Центарот за развој на Пелагонискиот Плански Регион кој има добиено Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој бр.16-2926/3 од 15.07.2019 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-865/4 од 26.07.2019 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 4, 5 став 3 и член 19 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Сл.весник на Р.М." бр.66/04; 89/08 и 152/15) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, донесе:

## О Д Л У К А
***за преместување на спомен-обележје -биста на Веле Марков***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за преместување на спомен-обележје, биста на Веле Марков, која е лоцирана на м.в."Гумење" Крушево, заради изведување на градежни дејствија во неговата непосредна околина.

**Член 2**

Споемен-обележјето од член 1 на оваа Одлука ќе се постави на м.в."Гумење" согласнос известувањето на НУ „Историски Музеј" Крушево, бр.03-124/2 од 23.07.2019 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-865/5 од 26.07.2019 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 137/06, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14 и 98/19), Советот на Општина Крушево на седница одржана на 26.07.2019 година донесе:

## О Д Л У К А
**за долгорочно домашно задолжување на општина Крушево во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Крушево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 4.920.000,00 денари, а со цел финансирање на проект **„Чиста животна средина – предуслов за туристички развој на Крушево".**

**Член 2**

Со финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Општина Крушево ќа набави:

- 1 (едно) повеќенаменско комунално возило за чистење/метење на улици;
- 21 (дваесет и еден) метални контејнери со капак со капацитет од 1,1 м3;
- 1 (една) косачка за трева и гранки.

**Член 3**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 10,5 години**
- **грејс период: 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 28.08.2030 година**
-

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Крушево во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), бр.08-85/3 од 18.01.2019 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-865/6 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/2019) и одредбите од Методологијата за определување на критериуми за доделување на финасиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево бр.08-423/11 од 05.04.2018 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 26.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши распределба на финансиски средства за финансирање на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево за 2019 година.

**Член 2**

Финансиските средства од Буџетот на Општина Крушево во вкупен износ од 210.000,00 денари се распределени и доделени на следниов начин:

1. Здружение Одбојкарски Клуб “СИНАЛКО” од Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
2. Здружение Центар за хумани односи Крушево од Крушево, 60.000,00 денари, за Проектот-Јакнење на капацитетите на Платформата за развој на туризмот “Да се живее од туризам”;
3. Пинг понгарски клуб “Крушево”-Крушево, 50.000,00 денари, по Годишна Програма;
4. Црвен крст на Р.Македонија-Општинска организација Крушево, 20.000,00 денари, по Годишна програма;
5. Здружение Клуб за алпско скијање “СТАНИЧ” Крушево, 20.000,00 денари, по Годишна Програма;

**Член 3**

Општина Крушево на својата веб-страна ќе ги објави резултатите од повикот и целосниот извештај за распределба на средствата со доделената сума и називот на здружението и фондацијата.

Општина Крушево ќе ги информира здруженијата и фондациите за доделените средства за календарската година.

**Член 4**

По донесување на одлуката и нејзиното јавно објавување, Општина Крушево и здруженијата или фондациите кои имаат добиено средства, во рок од 15 (петнаесет) дена од стапувањето во сила на одлуката, склучува договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-865/7 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на Р.М.” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа во рамките на манифестацијата НКС „Десет Дена Крушевски Република” што ќе се одржи на 01.08.2019 година, 02.08.2019 година и 03.08.2019 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-865/8 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и 101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на времно користење на недвижна ствар***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок недвижна ствар, деловен простор бр.7 во склоп на градскиот пазар на ул.”Илинденска” бб Крушево, сопственост на Општина Крушево, врз основа на Имотен лист бр.100278, на Организација на жени “Цвет” од Крушево.

**Член 2**

Просторијата се дава на времено користење за период од 2 (две) години.

**Член 3**

За времето за кое ќе се користи просторијата, организацијата од член 1 на оваа Одлука е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи: потрошена електрична енергија, вода, телефон и.т.н.

Организацијата е должна да се грижи совесно и домаќински при користење на просторијата.

**Член 4**

Примопредавањето на просторијата ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и организацијата, при што ќе се состави записник.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое е дадена на користење, просторијата треба да се предадае на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-865/9 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (“Сл.весник на Р.М.” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за извештајот за работата на службата за Јавна безбедност на Полициската станица Крушево за периодот од прво полугодие од 2019 година***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Извештајот за работата на службата за Јавна безбедност на Полициската станица Крушево за периодот од прво полугодие од 2019 година, СД. БР.29.5.6-158/1 од 04.07.2019 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-865/10 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2020 година на**
**ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево, бр.01-96/1 од 15.07.2019 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-865/11 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18), член 79ѓ од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 6/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2019 година на**
**ООУ „Никола Карев” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2019 година на ООУ „Никола Карев” Крушево, бр.03-259/1 од 22.07.2019 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Крушево да изготви и достави Решение за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2019 година до ООУ „Никола Карев” Крушево.

3. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ООУ „Никола Карев” Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-865/12 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18), член 79ѓ од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 6/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2020 година на**
**ООУ „Никола Карев” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ООУ „Никола Карев” Крушево, бр.03-260/1 од 22.07.2019 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Крушево да изготви и достави Решение за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година до ООУ „Никола Карев” Крушево.

3. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ООУ „Никола Карев” Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-865/13 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.07.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево во рамките на програмата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје за заедничка соработка ја избра темата за подготовка на „Правилник за јавност и граѓанско учество во работата на Општината”.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-865/14 од 26.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на Република Македонија ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 33 и 38 од Законот за културата ("Сл.весник на Р.М." бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 , 39/16 и 11/18), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директорот на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. Валентин Тасески од Крушево ул."Нико Доага" бр.120, СЕ РАЗРЕШУВА од ВД Директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, заради истек на мандатот.

2. Градоначалникот на Општина Крушево ќе именува ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, од редот на вработените, кој ќе ја извршува функцијата до изборот на директор, а најдолго 6 (шест) месеци од именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение бр.09-175/1 од 29.01.2019 година Валентин Тасески беше именуван за ВД Директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, да ја извршува функцијата до избор на директор, но не подолго од 6 (шест) месеци.

Затоа што не е спроведена постапка за избор на директор, а мандатот за кој што е именуван ВД директорот истече, Градоначалникот на Општина Крушево го разреши ВД директорот.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.

**Бр.09-775/1 од 28.06.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на Република Македонија ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 34 и 38 од Законот за културата ("Сл.весник на Р.М." бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. ПАНДОРА СТЕВАНОСКА, дипломиран економист од Крушево ул."Манчу Матак" бр.22, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево од редот на вработените.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор, по објавен Јавен оглас, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево.

4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише Јавен оглас за директор.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, Валентин Тасески му престана мандатот заради неговиот истек. Согласно член 34 од Законот за културата, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без Јавен оглас, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.
**Бр.09-775/2 од 28.06.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18), член 79ѓ од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 6/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање Согласност на Годишниот План за вработување за 2019 година на ООУ „Никола Карев” Крушево**

1. СЕ ДАВА Согласност на Годишниот План за вработување за 2019 година на ООУ „Никола Карев” Крушево, бр.03-259/1 од 22.07.2019 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Решението да се достави до ООУ „Никола Карев” Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.09-894/1 од 29.07.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18), член 79ѓ од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 6/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ООУ „Никола Карев” Крушево**

1. СЕ ДАВА Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ООУ „Никола Карев” Крушево, бр.03-260/1 од 22.07.2019 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Решението да се достави до ООУ „Никола Карев” Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.09-894/2 од 29.07.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 35-та седница на Советот на Општина Крушево......... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 34-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………………… 1
3. Одлука за ко-финансирање за реконструкција и доградба на локален пат с.Саждево, с.Јакреново и с.Борино …………………………1
4. Одлука за преместување на спомен обележје-биста на Веле Марков …………………………..2
5. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Крушево во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) ……………………………………………………2
6. Одлука за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево …………………………..3
7. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ……………………..3
8. Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар (деловен простор за организација на жени “Цвет” Крушево) ………………………………………………….4
9. Заклучок за извештај за работата на службата за Јавна безбедност на Полициската станица Крушево за периодот од прво полугодие од 2019 година …………………… 4
10. Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево ………………………………… 4
11. Согласност на Годишниот План за вработување за 2019 година на ООУ “Никола Карев” Крушево ………………………………..5

12. Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ООУ "Никола Карев" Крушево ………………………………..5
13. Заклучок за учество во програма на Мисијата на ОБСЕ ………………………………5
14. Решение за разрешување на ВД Директорот на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево ………………………………. 6
15. Решение за именување на ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево ………………………………………. 6
16.Решение за давање Согласност на Годишниот План за вработување за 2019 година на ООУ „Никола Карев" Крушево ..................... 7
17.Решение за давање Согласност на Годишниот План за вработување за 2020 година на ООУ „Никола Карев" Крушево ................................ 7

Редакциски одбор на Општина Крушево.